ОУ „Стив Наумов“- Битола

Самоевалуација на училиштето

Битола, февруари 2021 година

1.Подрачје : Наставни планови и програми

2.Подрачје : Постигнување на учениците

3.Подрачје : Учење и настава

4.Подрачје : Поддршка научениците

5.Подрачје : Училишна клима и односи во училиштето

6. Подрачје :Ресурси

7. Подрачје: Управување , раководење и креирање наполитика

1. Подрачје: Наставни планови ипрограми

Изворот на ова подрачје е педагошката документација на секој наставник: Годишни-перспективни, развојни, тематски-процесни планирања кои ги доставува до стручната служба и директор пред почетокот на секоја училишна година. Планирањата се според насоките на МОН и БРО на Република Северна Македонија, истите се проверуваат и се додаваат во професионалното портфолио на секој наставник. Во планирањата се вметнуваат актуелните проекти, ИКТ интеграција, како и инклузивни програми според потребите на учениците.

Оддели во рамките на подрачјето:

- Изготвување на наставните планови и програми
- Анализа на квалитетот на наставните планови и програми
- Реализација на наставата од далечина

Собирање податоци	
Наставни планови и програми од МОН и БРО Годишна програма на училиштето Глобални,тематски,неделни и дневни планирања на наставниците Стручни материјали за операционализација на наставни планови и програми Календар за организација на учебна година од МОН Евидентен лист за увид на планирањата на наставата Педагошки картон за наставник Професионално портфолио на наставник Записници од стручни органи УО и Совет на родители Брошура и интернет страница на училиштето	Планови и програми во одделенска и предметна настава, со задолжителни предмети, изборни предмети според наставниот план за деветгодишно образование. При приемот на првачињата, задолжително е запознавањето на родителите со концептот на деветгодишното основно образование, целите, програмите за работа, ораганизацијата на наставата и нивната вклученост со цел поуспешна интеграција и прифаќање на ученикот на наставниот процес во целина. Одржување на активен партнерски однос со родителите преку родителски средби, информативни состаноци, советодавни состаноци на кои се негува и поттикнува изнесувањето на личното мислење и став, односот кон наставните програми и нивната реализација, со особен акцент на ученици со функционална проценка каде е потребна индивидуализирана настава и изготвување на ИОП. Училиштето има конституирано тим за инклузија. Во стручната служба и директор , наставниците имаат доставено готови глобални-годишни планирања според насоките од МОН. Редовно се доставуваат тематски планирања. Оперативните планови за час ги изработуваат според конкретните наставни цели, со интегрирање на содржини, следење на оценувањето и исходот од часот и евалуација на постигнатите цели од страна на наставникот по реализација на часот. Училиштето ги охрабрува и поддржува наставниците кои изготвуваат содржини за наставата од далечина, комбинирааат извори и потикнуваат критичко размислување кај учениците.

Програма за работа на ученичкиотпарламент	Покрај задолжителните предмети на ниво на генерација, ученикот има можност да изучува изборен предмет од наставниот план за деветгодишно основно образование. Училиштето организира изборен предмет на кој се пријавиле најмалку 15 ученици од исто одделение (од иста или од различна паралелка).
Статут	Наставниците ги идентификуваат различните потреби на учениците и им овозможуваат часови за дополнителна и додатна настава во зависност од нивните потреби. Континуирано се надградува стратегијата за педагошко водење на талентираните и надарени деца.
Програма за воспитните вредности на толерантноста	Училиштето нуди и реализира полудневен престој за ученици од прво- петто одделение, во две смени со програма за прифаќење, згрижување и активности на учениците.
Стратегии за прилагодување на образовниот процес кон учениците со функционална проценка	Училиштето негува и гради почит кон разликите на секој субјект вклучен во воспитнообразовниот процес, се негуваат културата, јазикот и традицијата на секој поединец, се почитуваат и промовираат различните празници, обичаи, се организираат химанитарни акции, се поттикнуваат хумани вредности. Во училиштето постои Тим за инклузија, кој ги следи актуелните случувања во инклузивните практики нашироко и настојува позитивните примери да ги имплементира и прилагоди според барањата на нашите ученици.

Годишна програма за работа на училиштето Програма за соработка со локалната средина Програма за воннаставни активности Дипломи Признанија Пофалници Записници Извештаи	Според програмата за работа, се организираат следните воннаставни активности: слободни ученички активности со план и програма, ученички натпревари, општествено корисна и хуманитарна работа во училиштето и во соработка со локалната заедница, ученички екскурзии со план и програма одобрена од БРО. Сите воннаставни активности се организираат на слободен избор на учениците, си почитување на нивните афинитети и интереси, со почитување на слободното време на учениците, разликите во полот, интелектуалниот и физичкиот развој, социјалната средина. Учениците се поттикнуваат и охрабруваат да се вклучат во воннаставните активности. За постигнатите резултати, училиштето изработува програма за промоција на истите. Покрај редовните состаноци резултатите се објавуваат во училишниот весник, на веб-страницата на училиштето, годишниот билтен, се пренесуваат низ електонските и ТВ медиуми, а се на крајот од наставната година се изгласува првенец на генерацијата од завршните одделенија.

Интервјуа Дискусии Разговори	. Директор Наставници Стручна служба	Анализата на резултатите од анкетата на наставнивите покажува висок процент на тимска работа при подготвка на планирањата со директорот и стручните. Голем процент самостојно ги евалуираат своите програми и планови при нивната реализација и за истите поднесуваат извештаи. Во планирањата се применува интегрирање на содржини од други предмети. Наставниците активно се вклучени во реализацијата на наставата од далечина, следејќи ги препораките на МОН , но и самостојни дигитални содржини соодветно за предметот и целите на наставната програма. Заради специфичноста на наставата од далечина, потребна е поголема соработка со родителите, активен партнерски однос, кој ќе овозможува непреченоа реализација на наставата, надминување на проблемите во чекор, лесна адаптација и користење на користење на дигиталните алатки во функција на ученикот. Особено е важен пристапот кон учениците со функционална проценка и вклученоста на нивните родители, каде улогата на наставникот е повеќе како насочувач, фасилитатор, а заедно со родителот едукатори кои треба да го понудат и извлечат најдоброто за ученикот. Над 80% од наставниците сметаат дека е потребна континуирана поддршка за имплементирање на програмите за интеграција, преку различни модели на обуки, советодавни состаноци со стручни лица, поголема вклученост на стручни лица во конретните активности.
Анкети Интервјуа	Стручни соработници Наставници Ученици од одд. и предметна настава	Во анкетата беа вклучени вкупно 82 испитаника, по 50% од двата пола, ученици од прво-деветто одделение, од различна етничка припадност. Преку 40 испитаници одговориле дека биле вклучени во изработувањето на годишните и тематските планирања на наставниците. Над педесетина одговориле дека самостојно ги избираат изборните предмети според своите афинитети од понудата на училиштето. 55% подготвено ја реализираат наставата од далечина, над 62,2% од учениците одговориле дела во училиштето еднакво се работи со ученици кои се талентирани, надарени или со функционална проценка. 54,9% со интерес реализираат додатна и дополнителна настава.

Анкети Интервјуа Дискусии Разговори	Родители Наставници Стручни соработници	Анкетите за родители опфатија 114 испитаника од двата пола, со различен степен на образование, а најголем 61,4% со високо. Највисок процент од родителите одговорија дека не се доволно вклучени во изработувањето на годишните и тематските планирања на учениците. Дури 35,1% не ја поддржуваат наставата од далечина, но 61 испитаник смета дека наставниците подготвено ја реализираат истата. Еднаков е бројот на испитаници или во процент 28,9% кои сметаат дека добро и одлично наставниците изготвуваат модели, форми и инструменти за идентификација на талентирани и надарени ученици. 28,9% од родителите сметаат дека наставниците одлично , успешно ги изготвуваат моделите, формите и инструментите за учениците со функционална проценка. Третина од испитаниците сметаат дека успешно,редовно се реализира додатната и дополнителната настава, а 18,4% не се задоволни.

Резултати:
Клучни јаки страни: - Годишните и тематските планирања се изработуваат тимски; - Се изработува самостојна евалуација и се поднесуваат извештаи; - Во планирањата се применува интеграција на содржини од други предмети; - Подготвено се реализира настават од далечина.
Слаби страни: - Нужност од адаптирање кон новите законски измени за основно образование донесени од МОН; - Нужност од поголемо вклучување на родителите и учениците во процесот на изготвување на планирањата; - Нужност од поголема соработка со стручната служба во проццесот на евалуација на планирањата и поднесувањето на извештаите; - Нужност од примена на интеграција на содржини меѓу различните предмети; - Нужност од софтвери за реализација на наставата од далечина

Анализа на резултатите:
Во училиштето тимски се работи и наставниците ги изготвуваат своите годишни-глобани, развојни-тематски и процесни планирања според насоките на МОН и БРО на национално ниво и на ниво на училиште. **Постои соработка меѓу наставниците, стручната служба и директор, а се поставува акцент на поголема вклученост на родителите во целокупниот воспитно-образовен процес.** **Според насоките од МОН се поставува за приоритет во планирањето интеграцијата на различните наставни содржини од предметите, со цел да се развива критичкото размислување на учениците.** **Се следат и интегрираат инклузивните практики.** **Се следи и промовира професионалниот развој на наставниците, се одбираат обуки, семнари и работилници за наставници и стручни соработници со цел подобрување на воспитно-образовната дејност.**

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- **Квалитетна интеграција на законските измени за основно образование од МОН;**
- **Квалитетна интеграција на програмите за инклузија во услови на далечинско учење;**
- **Обезбедување на техничка поддршка и софтвери за следење на наставата од далечина.**

2. Подрачје : Постигнување на учениците

Еден од поважните сегменти во работењето на училиштето е постигнувањето на учениците при реализацијата на целите предвидени со наставните планови и програми, а согласно со националните стандарди и критериумите кои ги изготвуваат наставниците. Училиштето води еднакво грижа за сите ученици, оние кои покажуваат повисоки резултати и зголемен интерес по различните наставни предмети, како и за оние на кои им е потребна помош или имаат функционална проценка. При стручната служба се изработува програма за работа со талентирани и надарени ученици, нивното идентификување и работа со нив, а постои и тим за инклузија кој помага во изготвувањето на програмите со посебна намена како ИОП и индивидуализираната настава.

Во делот на редовната настава, се реализираат според програма и распоред додатна и доплонителна настава, а секој ученик има можност да се вклучи во различни слободни ученички активности според своите лични афинитети и интереси. Се промовира натпреварувалку дух, се мотивираат учениците да се вклучат во различни натпревари на општинско, регионално и државно ниво, во интернационални проекти поддржани од МОН, меѓународни конкурси и слично.

Оддели во рамките на подрачјето:

- Изготвување на модели, форми и инструменти за идентификација на талентирани и надаредни ученици;
- Изготвување на модели, форми и инструменти за идентификација на ученици со функционална проценка;
- Реализација на дополнителната и додатната настава.

Собирање на податоци	
Ученичко досие Записи Тековни коментари Критериуми и инструменти за следење на напредокот и постигањата на учениците	Постигнувањата на учрениците се вреднуваат според различните инструменти кои наставниците ги изготвуваат на почетокот на учебната година, но и во текот на истата како и резултатите добиени од самооценувањето на учениците. Согласно истите, наставниците можат да ги идентификуваат можностите на секој ученик, да ги прилагодат моделите и формите за работа и да го подобрат нивото на постигнувањата на наставните цели според поставените стандарди и критериуми. Уредно се водат ученички досиеја, редовно се известува стручната служба за напредокот, поведението и редовноста, а преку добиените резултати се остваруваат и родителски средби со советодавна, консултативно-информативна природа, но и средби за определување на нови модели на работа кои би овозможиле повисоки резултати.

Закон за основно образование Прегледи Извештаи Евиденциони листови за успехот на учениците,сведителства	Со последните измени на законот за основно образование, постигнувањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки. Во првиот период, по задолжителните и изборните предмети се запишуваат описни оценки, а ученикот на крајот од прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, како и на крајот на учебната година. Во вториот период, постигнувањата од задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки. Ученикот на крајот од првото полугодие добива описни оценки, а на крајот од учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.
Показатели на успешност при планирање на часови Показатели за реализација на успешен час Показатели за успешна примена на формативно оценување Студии на случај Планирање на часови со имплементирање на карактеристики на формативно оценување Акциски истражувања	Во третиот период, постигнувањето на ученикот по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки. Ученикот на крајот од првото полугодие добива известување за успех со бројчани оценки, а на крајот од учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Општиот успех се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план.Секој одделенски раководител за успехот на учениците според планот за соработка со родителите ги известува за успехот на нивното дете најмалку двапати во текот на едно полугодие. Кај учениците со кои се работи по ИОП, оценувањата во првиот период се описни, а во вториот и третиот може да бидат описни и бројчани.
Годишна програма за работа на училиштето Извештаи Записници Програма и планирање за редовна,дополнителна и додатна настава	Во соработка со стручната служба се врши идентификација на надарените ученици преку воочување на нивните индивидуални способности и особини. Постои програма за работа со надарени и талентирани ученици. Учениците пак со потешкотии во учењето, ако се веќе идентификувани и имаат функционална проценка, тогаш се изготвува ИОП и оценувањето се прилагодува на пропишаното од МОН , на предлог на БРО, прилагодено согласно потребите: зголемен формат, употреба на електронска верзија, подолго време на тест, помош при читање, надгледувани паузи и флексибилен наставан план и слично.

Методологија за идентификација и педагошко водење на надарени деца Извештаи за добиени награди на натпревари Дипломи Признанија Пофалници	Се организираат додатна и дополнителна настава за сите учееници според потребите. Додатната настава ја посетуваат надарени и талентирани ученици кои имаат потреба од проширени знаења, оплеменување на навиките и зголемување на искуствата за учење, развој на творечките способности и потреба за истакнување и учество на натпревари. На дополнителната настава наставниците создаваат мотивирачка и пријатна средина за учење со почитување на детската личност, а учениците од дополнителната настава кои од свои причини заостанале во совладувањето на наставниот материјал, преку индивидуална настава, ги остваруваат наставните цели. Наставникот води евидентен лист за постигнувањата на учениците, ги одбира моделите и формите за работа.

Листи за следење на постигањата на учениците водени од наставникот Листа за следење на ученик Списоци на запишани ученици во средните училишта	Учениците кои преминуваат од првиот во вториот циклус се следат аналитички, индивидуализирано од аспект на личниот напредок и развој, при што се подготвуваат и периодични извештаи за информирање на родителите за постигнатиот успех. На преминот од одделенка во предметна настава се овозможува советодавна средба на одделенските со предметните наставници за природата на ученикот, моделите за поддршка кои најдобро ќе овозможат кај истиот постугнување на наставните цели, планирање, реализирање, мотивација. Со средните учолишта се одржува политика на промоција на нивната работа, а повратно се добива информација за понатамошното образование на нашите ученици.
Списоци на ученици Соопштенија Евиденции Анализа на опфат Одд. Дневник Извештаи Известувања на родители Анкета Записници од Заедница на ученици	Училиштетосогласнозаконотзаосновнообразованиезапишуваученицивопрвоодделениевомесецмајзаследнатаучебнагодина. Родителитепретходносеизвестенипрекусоопштение, навеб-странатанаучилиштетоипрекумедиумизапотребнитедокументи. Призапишувањетонаученикsопопреченоствопрвоодделениеродителотдоставувамислење/функционалнапроценкаодкомисијатазапроценканадецаимладинцизадополнителнаобразовна, социјалнаиздравственазаштитаспоредМКФ. Редовноста на учениците во наставата се следи преку извештаите на одделенските раководители, стручната служба, соработката со родителите. Нередовноста систематски се следи и родителите се повикуваат на советодавни средби. Заради одржување на настава од далечина нередовноста е намалена и генерално се сведува на неподготвеноста за следење на техничкиот процес- немање електрична енергија, пад на интернет конекцијата, затајување на надворепните уреди и слично.

Извештаи Анализа на успехот Евиденција за успехот на учениците на крајот на учебна година	Во последните три години нема ученици кои ја повторуваат годината.

Собирање на податоци		
Анализа Согледувања Разговори Коментари	Наставници Директор Стручни соработници	Анализата на постигнатиот општ успех на учениците во последните три години е во благ пораст. Во однос на полот, подобар успех покажуваат учениците од женски пол. Генерално нема поделби во поведението и сите се со примерно поведение. Учениците учествуваат на натпревари, остваруваат награди и признанија. Во делот на дополнителната настава, учениците недоволно ја користат истата, недостига поткрепа од родителите и промоција на дополнителната настава како механизам за помош на ученикот.

. Анкети Разговори Интервјуа	Ученици Наставници Директор Стручни соработници	Од реализираната анкета кај наставниците најголем број одговориле дека самостојно ги изготвуваат моделите, формите и инструментите за идентификација на талентираните и надарените ученици, 18 од нив или 37,5%. Помал е бројот на наставници кои самостојно изготвуваат модели, форми и инструменти за идентификација на ученици со потешкотии, 33,3% се изјасниле дека самостојно изготвуваат што е релативно мал процент во однос на актуелните потреби. Дури 62,5% се изјасниле дека редовно оджуваат додатна и дополнителна настава. Кај 82 анкетирани ученика во однос на поставените прашања од истраѓувањето 62,2% одговориле дека еднакво се работи со ученици кои се талентирани, надарени и ученици кои имаат потешкотии.74,45 од испитаниците одговориле дека учениците кои се со потешкотии се прифатени од останатите ученици и наставниците. Во однос на додатната и дополнителната настава 54,9% одговориле дека истата се реализира и учениците со интерес ја следат.
Анкети Разговори Констатации Предлози	Родители Наставници Директор Стручни соработници	Анкетата кај 114 родители покажа на еднаков процент на задоволни и средно задоволни родители, 28,9% од успешноста на наставниците да изготват модели, форми и инструменти за идентификација на талентираните и надарените ученици. 36,8% делумно се задоволни од успешноста на наставниците да изготват модели, форми и инструменти за идентификација на ученици си потешкотии. А 28,1% сметаат дека наставниците редовно ја реализираат додатната и дополнителната настава. Поголем број на родители сметаат дека недоволно се вклучени во наставниот процес во целина, а исто поголем број се задоволни од известувањата за успехот и постигањата на учениците.

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Училиштето има систем за идентификација на талентирани и надарени ученици;
- Училиштето има тим за инклузија, идентификување на ученици со функционална проценка;
- Училиштето редовно изготвува распоред за дополнителна и додатна настава.

Слаби страни:

- Нужност од поголема соработка на родителите во процесот на идентификација на талентирани и надарени ученици;
- Нужност од поголема соработка на родителите и локалната заедница во процесот на идентификација и реализација на програмата за ученици со функционална попреченост;

Анализа на резултатите:

Училиштето преку работата на наставниците, стручната служба и директор води сметка за успешното изготвување на различните модели и форми на настава како и инструменти со кои точно ќе се идентификуваат талентираните и надарените ученици како би можеле максимално да ги искористат своите способности, капацитети и вештини во совладувањето и збогатувањето на целите и знаењата. Исто така се води сметка за успешно изготвување на модели, форми за идентификација и инструменти за проценка на ученици со потешкотии, кои без проблем ќе го следат наставниот процес и заедно со своите родители, како трет од еднакво важните субјекти, значајно ќе придонесат за подобрување и мотивирање, поддршка на учениците кои од свои причини заостануваат во наставниот процес. На учениците редовно им се овозможуваат додатна и дополнителна настава според индивидуалните потреби. Учениците препознале односи на еднаквост кон сите деца од страна на наставниците, без разлика на нивните посебности, но и прифаќање на учениците со учениците со потешкотии во рамките на паралелката и училиштето, наставниците. Учениците ја следат дополнителната и додатната настава во планираната динамика и според индивидуалните потреби. Родителите од своја трана имаат потреба за поголемо вклучување во идентификацијата на надарени и талентирани ученици, како и на учениците со потешкотии, со што би се изградил едн партнерски однос.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:

- **Изготвување на програми за идентификација, стимулација и промоција на талентирани и надарени ученици;**
- **Вклучување на родителите и локалната заеница во процесот на идентификација и реализација на програмите за ученици со функционална попреченост.**

3. Подрачје: Учење инастава

Во услови на светска пандемија целокупниот образовен систем се исправи пред нов предизвик, далечинското учење, поставувањето на национална образовна платформа и креирањето на дигитални содржини за истите. Нашето училиште како приоритети кои ни беа во центарот на нашето работење, поддршка на индивидуалниот и емоционалниот развој на учениците, обезбедување на безбедна и пријатна атмосфера за работа и промоција на интелектуалните и социоемоционалните вредности, уште еднаш се покажа како спремно за прифаќање на новините и вклучување во актуелните текови за да им се излезе во пресрет на сите побарувања на вклучените субјекти во воспитно-образовниот процес. Активностите се насочија на непрекината реализација на наставниот процес во услови на настава од далечина, нејзино прилагодување според личноста на ученикот и неговите различни образовни потреби, развивање на различни модели, современи апликации и дигитални содржини кои ќе предизвикаат критичко мислење кај учениците.

Оддели во рамките на подрачјето:

- Реализација на наставниот процес во услови на далечинско учење;
- Прилагодување на наставата во услови на далечинско учење според личноста на ученикот и различните образовни потреби на ученикот;
- Користење на различни модели, современи апликации со на цел развивање на критичкото размислување кај учениците.

Собирање на податоци	
Упатства за подготовка и планирање на наставата од МОН и БРО Наставни планови Наставни програми Насоки за глобално,тематско и дневно планирање Листи за следење на планирањата (годишно-глобално,тематско,тематско-процесно,неделно) Протокол за следење на час Компоненти во планирање на наставата Компоненти за успешен час Карактеристики на формативно оценување Обрасци за планирање насоки за квалитативен приод во планирање,изработување и следење на домашни работи Ориентационен модел за работа на Стручен актив Извештаи	Наставниците на почетокот на учебната година изготвуваат планирање за истата согласно насоките на МОН, поставените планови и програми за основно одразование според деветодишниот концепт. Планирањатаседоставуваатдодиректоротистручнатаслужбаодкадесеследатспоредутврдени тукритериумизаизработканапланирања, сенабљудуваатианализираатприпосетаначас, сеукажуванадобритепрактикиисесугерираатизменивонасоканаподобрувањенанаставниот процес, односно застапеностанадидактичко-методскитебарањаодчасотиреализацијатанацелитенаистиот. Почетокот на планирањата е на состаноците на стручните активи, определувањето на програмата, наставните содржини, методите, формите, наставната методологија, современата наставна технологија, како и интеграцијата со останатите предмети. Планирање на набавка на нагледни средства неопходни за реализација на наставата од далечина, ИТ опрема, средства неопходни за осовременување на наставата.

Документација за одржување на работни средби,обуки и сл. Надвор од училиштето Користење на интернет Известувања за сознанија од поширок карактер	Наставниците прават избор на учебници и прирачници од понудените од МОН. Наставниците ги утврдуваат избраните учебници со програмите за работа. Ги определуваат работните секции за учениците и програмите со кои ќе работат. Ги определуваат работните задачи во работата на активите.
Наскои за изготвување на распоред на часовите	Креирањето на распоредот на задолжителните и изборните предмети, го почитува времетто на ученикот во кое треба да бидат и додатната и дополнителната настава како и време за воннаставни активности, но истото да не го оптеретува и да промовира здрав развој на ученикот.
Планирање на наставници (тематски, оперативни планирања)	Типови на час: - за усвојување на нов маттеријал; - за утврдување на знаењата,умеењата и здобивање на навики; - за повторување и систематизирање на знаењата; - за проверување и оценување на знаењата и умеењата на учениците; - Комбиниран час.
Старатегии и техники на учење и подучување - Стручен материјал	Изборот на методите за реализација на часот излегуваат од индивидуалните потреби на учениците, нивните стилови на учење, понудата на далечинското учење, дигиталните содржини, а во насока на поттикнување на критичкото мислење, зголемување на ефикасноста и ефективноста на наставата. Особено е важно наставниците да ја имаат предвид различната потреба на секој ученик и да ја поддржат индивидуалната динамика на ученикот.
Стручни материјали со прегледи на прашања со различно ниво на сложеност Оперативен план на часот	
Критериуми за комуникација на наставен час Критериуми за одржување на дисциплина	Наставниот процес треба да е охрабрувачки, да е активен низ своите фази и да се стреми кон реализација на поставените цели. Исходите од реализацијата да се проверливи и да одговаат на поставените цели.

Критериуми за изградување на погодна атмосфера за работа во паралелката Инструменти за самооценување на учениците (листи,прашања,табели,ЗСН,ученичко портфолио,аналитички бодовни листи,листи за проверка,чек листи,скали на проценка,белешки на наставникот План за обработка за одредбите на Конвенцијата за правата на детето со нивна интеграција во наставната работа по одделни наставнипредмети Програма за воспитните вредности на толерантноста Програми за работа на Стручни активи Извештаи Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовка на наставен час Инструмент за изведување на наставен час Инструмент за следење и вреднување на текот на наставен час Инструмент за следење клима вопаралелката Портфолио од наставник	Се афирмираат и промовираат интелектуалните и социоемоционалните вредности на детската личност преку далечинското учење; Се интегрираат различните образовни потреби на ученикот во планирањата на наставниците; не се прават разлики меѓу учениците од различен пол,етничка и религиозна припадност и социјално потекло.Континуирани се залагањата за поттикнување на учениците на взаемна соработка и почитување. Училиштето ги спроведува инструментите предвидени во интерната процедура за следење на наставниот процес. Според соодветни согледувања тековно се врши посетување на наставните часови од страна на директорот и стручната служба.Се поттикнуваат наставниците на разменана искуства преку активностите на стручнитеактиви. Преку добиените сознанија се развиваат можности за унапредување на учењето и наставата.
Насоки за изложување на изработки	Се промовира активен однос кон учењето, се истакнуваат ученичките творби на изложбени паноа, во училишен весник, на веб-страната на училиштето, во медиуми.

Изложбени паноа Sиден весник Училишен весник Правила на однесување во училницата Кодекс на однесување на учениците Кодекс на однесување на наставниците,директорот и стручните соработници Кодекс на наставникот менаџер Програма за заедница на ученици Програма на ученичкиот парламент Записници Извештаи Програма за одд.час Разговори Образец за планирање и оценување на проектна активност Начини на следење на напредокот и постигањата на учениците – евиденциони листи Ученичко досие	Изработен е Кодекс за однесување на ученици, Кодекс за однесување на наставници и Кодекс за родители, активно се почитуваат кодексите и се создава атмосфера на еднакви субјекти во воспитно-образовниот процес. Преку работата на ученичкиот парламент, учениците договараат и заземаат ставови за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата на училиштето, даваат иницијативи,согледуваат и решаваат на заеднички проблеми,развиваат и негуваат другарски односи меѓу нив, придонесуваат за чување на училишниот инвентар,развиваат свест за потребата за постојана и конструктивна соработка со сите субјекти.

Планирања на наставата Евиденција нај стручни соработници Насоки за водење на ученичко портфолио Ученичко портфолио Листи за самоанализа на учениците Листи за самооценување на учениците Графички организатори за самооценување Коментари на трудови од ученикот дадени од страна на наставникот и самиот ученик Насоки од стручната служба за усмерување на поучувањето на учениците Програма за час на одделенската заедница	Наставникот кој за цел си поставил успешна реализација на наставните цели, треба: - да ги запознае сите ученици, нивните предности и потешкотии воучењето; - да настојува да го следи и проучува секој ученик одпаралелката и да го вреднува неговиот напредок, односно да го дијагностицира осамостојувањето за учење; - да го унапредува степенот на развиеност на навиките,методите и техниките за самостојноучење; - да ја планира работата за натамошен развој на учениците на овајплан; - да создаде партнерски однос со родителите со што ќе помогне во осамостојувањето на учениците и ќе го олесне процесот на учење на самиот ученик.

Собирање на податоци		
Анкети Разговори Дискусии	Наставници Стручни соработници Директор. Ученици родители	66,7% од наставниците внимаваат на далечинското учење и почитувањето на индивидуалниот и емоционалниот развој на ученикот. Триесет и двајца испитаника од вкупно четириесет и осум тоа го оцениле со највисока оценка при планирањето на наставата и учењето. Дваесет и тројца наставници со највисока оценка ја оцениле афирмацијата и промоцијата на интелектуалните и социоемоционалните вредности на детската личност преку процесот на учење од далечина. Дури 45,8% одговориле дека ја прилагодуваат наставата од далечина според личноста на улченикот. Само дваесет испитаници и дале предност на фронталната настава и наративниот модел-теорија, а 64,6% од наставниците користеле интерактивен модел, демонстративни видеа, современи апликации и поттикнувале критичко размислување.На истите прашања учениците со висок процент од 48,8% одговориле дека наставниците ги почитуваат индивидуалниот и емоционалниот развој на учениците, 40,2% дека далечинската настава е прилагодена според личноста на ученикот, а 57,3% дека наставниците користат интеракција на часот, демонстративни видеа, современи апликации со кои се развива критичкото мислење кај учениците. Од анкетата кај родителите резултатите покажаа 40,4% највисока оценка за наставниците дека внимаваат на далечи, дури 51 испитаник со висока оценка ги оцениле наставниците, односно дека користат интерактивни модели, демонстративни видеа и современи апликации со кои се развива критичкото мислење кај учениците и 57% декаредовно се известени за постигнувањата во текот на учењето.

Резултати:
Клучни јаки страни: ➢ Брзо и ефективно адаптирање на наставниците и учениците во услови на настава од далчина; ➢ Афирмирање и промоција на интелектуалните и социоемоционалните вредности на детската личност преку далечинското учење; ➢ Интегрирање на различните образовни потреби на ученикот во планирањата на наставниците; ➢ Мотивираност и ентузијазам кај наставниот кадар за користење на различни модели на настава, современи апликации со кои се развива критичкото размислување кај учениците.
Слаби страни: ➢ Просечна техничка подготвеност на училиштето со ИТ опрема, просторна опременост, кабинети, софтвер со кој наставниците ќе реализираат непречено настава од далечина; ➢ Мала вклученост на родителите во реализација на наставата од далечина кај учениците со функционална попреченост.

Анализа на резултатите:

Во услови на светска пандемија наставата се изведува по насоки од МОН и наставниците изготвија скратена програма. Планирањата годишни, тематски и оперативни навремено се доставени и се реализираат со дадената динамика. Наставата се изведува на организиран начин. Посебен акцент се става на реализацијата на наставата од далечина, со користење на националната образовна платформа и апликацијата за одрѓување на часови. Одделенската настава до трето одделение комбинира физичка и настава од далечина, за што на почетокот на 2020/2021 г. родителите имаа можност за избор.

Секој од видовите на настава промовира меѓусебна почит и поддршка на детската личност, ги истакнува индивидуалните афинитети, можности и потреби и се адаптира на потребите на ученикот.

Во наставниот процесот се интегрираат содржини од различни предмети со цел да му се овозможи на ученикот да го развива критичкото мислење.

Учениците покрај редовните , задолжителни предмети, изборните предмети, како и додатната и дополнителната настава, се поттикнуваат на воннаставни активности, учество во секции, ученички тела и различни форми на натпревари, конкурси. Преку ученичката заедница и преку ученичкиот парламент, се промовираат одговорност, еднаквост, сигурност и доверба, да се чувствуваат како во заедница во која слободно ги извршуваат животните процеси, да знаат дека се наоѓаат во една динамична, емотивно сигурна, образовна институција.

Посебен акцент се става на вклученоста на родителите со чие ангажирање би се зголемиле ефективноста и ефикасноста на постигањата на учениците, би се создала атмосфера на доверба и поддршка, заеднички би се поставувале моделите и формите за работа, а преку нив би се зголемила и вклученоста на локалната средина.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- **Училиштето треба да обезбеди нагледни средства и ИТ опрема за непречена реализација на наставата од далечина;**
- **Да се зголеми учеството на родителите во процесот на изготвување на планирањата, моделите, формите со кои ќе се олесне процесот на следење на наставата на учениците.**

4. Подрачје : Поддршка научениците

Нашето училиште претставува безбедна, пријатна, образовна институција каде личноста и развојот на ученикот е на прво место. Пред се, акцентот е на почитување и поддршка на младата личност, неговото правилно психичко и физичко здравје, грижа за здравјето, избегнување на конфликтни ситуации. Преку размената на искуствата на наставниците се поставува соработка која ги поддржува различните образовни потреби на учениците, а нивните постигнувања се споделуваат и за истите редовно се информира.

Оддели во рамките на подрачјето:

- Поддршка на различните образовни потреби на учениците;
- Размена на искуствата на различните активи,интердисциплинарно;
- Редовна повратна информација за постигањата на учениците;
- Редовно известување за успехот на учениците преку информативни, педагошко-инструктивни и советодавни средби

Собирање на податоци	
Куќен ред – членови Насоки за помагање при несреќни случаи План за заштита од елементарни непогоди Прирачник за училишни одбори за основни и средни училишта Записник од училишен одбор Презентација за превенција на насилно однесување Процедура за регистрирање и превземање на мерки против појава на пушење,алкохолизам,користење и растурање на наркотични средства. Процедура за грижа на учениците со телесни пречки во развојот Процедура за обезбедување на материјални средства за ученици од социјално загрозени семејства Насоки за справување со различни облици на насилство Досие на ученик	Во нашето училиште се води грижа за поддржување на различните образовни потреби на секој ученик. Исто така се води постојана грижа за обезбедување на учениците за време на изведување на наставата ,за време на одморите,воннаставните активности и сл.во училиштето и надвор од училишната зграда. Постои тим за однесување во ситуации на кризи. На часовите од Вештини на живеење се подготвуваат и реализираат часови за превенција од насилство,разни одлици на насилство, избор на здрава храна и пирамида на исхрана, против разни пороци, со цел учениците самостојно да се оспособат да размислуваат и да го заштитуваат личното здравје и психофизичкиот развој. Стручната служба и наставниците , заедно со родителите и Центарот за социјална заштита, вршат идентификација на деца од социјално загрозени семејства, им помагаат и приоритетно ја заштитуваат детската личност, нејзините права, безбедност, приватност и достоинство. Во училиштето се планираат, организираат и реализираат хуманитарни акции за помош на социјално ранливи семејства од училиштето, но и од поширокаата заедница. Училиштето промовира и афирмира програма за инклузија, социјална, економска, емоционална, психолошка, физичка.

План и програма за здравстведна заштита и здравствено воспитување на учениците во Годишната програма Насоки за превенција од заболувања Систематизација на работни места Записници од надлежни органи Процедура за грижа за ученици кои заради хронично заболување подолго време отсуствуваат од наставата	Со прогласувањето на условите на светската пандемија од Ковид 19, се засилија мерките на хигиена во училниците, ходниците, санитарните простории и училиштето во целост, за сите ученици, оние со физичко присуство, но и наставниците кои ја остваруваат наставата од училница, а реализираат далечинско учење. Се следат протоколите за превентива и безбедност од коронавирусот. Во училиштето континуирано се превземаат хигиенски и превентивни мерки за подобра здравствена заштита на учениците. ПостоитимзаспроведувањенапротоколотзазаштитаодКовид 19.
Годишна програма за работа на училиштето Програма за професионална ориентација на учениците Стручни материјали Анкета Тестирање Информации Предавање Евиденции Евидентен лист за идентификација Евидентен лист за советување Евидентен лист за ученик со посебен третман Информации Записници	Приоритетите на училиштето се: училиште по мерка на ученикот, средина која одговара на развивањето и напредувањето на детската личност, да се интензивира соработката со родителите, правилно да се насочат учениците кон нивното понатамошно образование. Редовно информирање за постигнувањата на учениците на нивните родители/старатели, советодавни состаноци, информативни сесии, педагошко-инструктивни средби.

Ученичко портфолио Анегдотски белешки Ученичко досие Евиденциони листи Чек листи Аналитичко – синтетички записи по калси ,фикциони периоди Евидентен лист за успехот на ученик Одд. Книга План за следење,проверување и оценување на напредокот и постигањата на ученикот Стручни материјали Прегледи Извештаи Анализа Евиденции за новодојдени и заминати ученици	За следење на индивидуалните процесни цели се користат постапки на непосредно следење при што подеднакво внимание се посветува на процесите и резултатите со цел учениците да се поучуваат за успешно учење. За напредокот на учениците континуирано се информираат и родителите. Добиените показатели овозможуваат понатамошно унапредување на напредокот и постигањата на учениците.

Собирање на податоци		
Разговори Интервјуа Анализи	. Наставници Директор Стручни соработници	Наставниците во планирањето ги земаат предвид различните образовни потреби на учениците. Од 48 испитаници, 52,1% највисоко го оцениле ова прашање и го поставиле како приоритеи во нивните планурања., со тоа 41,7% редовно поттикнувале размена на искуствата на различните активи, а дури 66,7% редовно даваат повратна информација за постигнувањата на учениците и нивните успеси.66,7% редовно известуваат за успехот преку информативни, педагошко-инструктивни и советодавни средби.
Разговори Интервјуа Анализи Листи за самопроценување	Наставници Ученици Директор Стручни соработници	Од 82 испитаника од учениците, дури 63,4% одговориле дека училиштето/наставниците ги идентификуваат учениците од социјално загрозените семејства и ги поддржуваат. 61 испитаник или 74,4% одговориле дека училиштето ги штити детските права, приватноста и достоинството на учениците. Наставниците ги следат активностите за унапредување на здравјето, заштитата на менталното здравје особено во услови на пандемија со одговор од над 53% или 44 испитаника. Учениците мислат дека им се корисни сознанијата за превенција заради заштитата на нивното здравје добиени од предава на разни теми добиени од здравствени и хуманитарни организации.Им помагаат на ученици со емоционални проблеми заради полесно прилагодување во

		паралелката преку постојано дружење.Даваат мислење за сопствените желби за продолжување на образованието, а се вклучуваат за самооценување на афинитетите на своитесоученици.
Разговори Интервјуа Констатации Предлози Извештаи Анкети Коментари		Во услови на далечинско учење, анализата кај анкетата спроведена над 114 испитаника покажа дека: 31,6% имаат довербаНајголем дел од родителите мислат дека нивните деца се чувствуваат безбедни во училиштето.Почитувањето на куќниот ред од страна на учениците е многу важно за овозможување на поволни услови за непречено изведување на наставата.Предлагаат да се изведуваат зачестени инструктивни советувања со родителите на поедини ученици заради добивање на едукативни сознанија за полесно надминување на поедини развојни проблеми. Користат повеќе форми за укажување на одредени појави зар во училиштето да ги изнесат различните социјални, економски, интелектуални, емоционални проблеми на семејствата и учениците на кои им е потребна помош. Дури 41,2% од родителите сметаат дека наставниците следат активности за унапредување на здравјето, заштитата на менталното здравје во услови на далечинско учење.

Резултати (согледувања): Образложение на нашите клучни јаки страни и слабости
Клучни јаки страни: ➢ Училиштето промовира и афирмира програми за инклузија, внимава на различните образовни потреби на учениците; ➢ Училиштето, наставниците во своите планирања, интегрираат различни образовни содржини, ги споделуваат искуствата од различните активи, промовираат интердисциплинарни активности; ➢ Училиштето, наставниците редовно им обезбедуваат усна или писмена информација за постигнувањата на учениците; ➢ Стручната служба во соработка со наставниците, редовно известува за успехот на учениците преку различни советодавни форми, информативни сесии, педагошко-инструктивни средби.
Слаби страни: ➢ Мал број на практики кои наставниците можат да ги споделат за поефективна реализација на програмите за инклузија, и промоција на различните образовни практики; ➢ Наставата од далечина не овозможува доволно средби меѓу наставниците како би ги споделувале своите искуства и овозможат поголема интеграција на различни образовни содржини.

Анализа на резултатите:

Во училиштето се промовира и афирмира програми за инклузија, внимава на различните образовни потреби на учениците,
Се гради позитивен став за побезбедно и поуспешно вклучување на учениците во воспитно-образовниот процес.
Наставниците во своите планирања, интегрираат различни образовни содржини, ги споделуваат искуствата од различните активи, промовираат интердисциплинарни активности;.Низ планирани активности се реализираат повеќе задачи
со цел да се едуцираат и запознаваат учениците и родителите за позитивен развој на нивните деца.
Училиштето, наставниците редовно им обезбедуваат усна или писмена информација за постигнувањата на учениците;
Стручната служба во соработка со наставниците, редовно известува за успехот на учениците преку различни советодавни форми, информативни сесии.

Идни активности (Приоритети):

- **Обезбедување на обуки за наставници и стручната служба за инклузија на ученици со различни образовнини потреби;**
- **Вклучување на родителите во соодветни училишни тела со кои ќе се промовираат инклузивните програми, и воспитно-наставниот процес во целина, следењето на напредокот на учениците, промоција на нивните постигнувања.**

5. Подрачје :ЕТОС

Приоритетна задача на нашето училиште е да создаде пријатна и безбедана средина за сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Средина која ќе биде мотивирачка, каде ќе се промовираат заедништвото, колегијалноста, слога и заеничката соработка, почит на личноста и работата, половата еднаквост и добрите меѓучовечки односи, наставник-ученик-родител.

Оддели во рамките на подрачјето:

- Развивање и негување на добри меѓучовечки односи
- Промоција на заедништво, соработка, почит, полова еднаквост.

Собирање на податоци	
Програма за воспитна работа на училиштето	Во училиштето се работи на развивање добра организациска структура како амбиент кој е одраз на тоа како во него се чувствуваат и однесуваат вработените, учениците и нивните родители. Во училиштето се изготвуваат оперативни планирања за развивање на воспитните компоненти за развојот на личноста на ученикот во текот на учебната година со конкретизирани цели, активности, вклучени лица во реализацијата на активностите и време на реализација на истите.
Статут Програма за воспитните вредности на толерантноста Правилник за педагошки мерки Пофалби Награди Признанија Кодекс на однесува ње Куќен ред на училиштето Програма на заедницата на учениците Програма на одделенски совет	Воспоставувањето на толерантноста се настојува да се остварува во рамките на сите наставни дисциплини, на сите нивоа и во сите подрачја на воспитно-образовната дејност во училиштето. На овој план се афирмираат вредности (заедништво, слога, заедништво меѓу различни субјекти, соработка, солидарност, делење меѓу себе) почитување на различноста, толеранција, запознавање со различностите, полова еднаквост, коегзистенција, мулти-култура. Однесувањето на учениците и на другите вработени во учелиштето е регулирано со почитување на правила во чие донесување се настојува да бидат вклучени и учениците иродителите.Овиеправилатековносенадополнуваатспоредсогледанитепотребии

Програма на Совет на родители Програма за соработка со родители Правила на однесување на училиштето за надворешни лица кои го посетуваат училиштето за разни потреби	настанатите ситуации. За спроведување на истите се дискутира на состаноците на соодветни органи и тела.
Одделенски дневник Полугодишен и годишен извештај Протокол за набљудување на час Годишна програма за работа на училиштето План за натпревари Паноа со пофалби и награди Изложени трудови Медиумско промовирање Куќен ред Социометриска техника Преглед на социјалната структура на родителите на учениците	Училиштето континуирано влијае на стимулирање на ученичкото презентирање низ разни форми во училиштето и надвор однего. Стилот на наставникот за воспоставување на погодна атмосфера е еден од показателите за изведување на стратегија за насочување на активностите за позитивен однос кон учениците, за постигнување на повисоки резултати. Според протоколот за набљудување на мотивираноста на ученици со различни способности, наставниците во воспитно-образовната работа ги почитуваат барањата за правилно формирање на групи на ученици во кои се почитува колективизмот во заедничката работа. Училиштето рамноправно им дава можност за презентирање на знаењата и умеењата на учениците од двата пола и со различни способности почитувајќи ги нивните посебни афинитети. Наставниците, директорот и стручните соработници соработуваат со ученичките заедници на паралелките и со ученичката заедница на училиштето. Интерперсоналните односи во паралелката во даден момент се испитуваат и анкетираат заради добивање на повеќе показатели: структурата на групата, интергрупните односи, спротивностите во групата, социјалната приспособеност, социјалниот статус на ученикот.

Записници од родителско-наставнички средби Одделенски дневник Дневник за работа на стручни соработници Записници од Совет на родители	Во изградувањето на меѓусебните односи учениците од обата пола ги почитуваат позитивните насоки на другарството и пријателството, во заемна соработка и смисла на колективен живот од аспект на хуманизација на односите меѓу половите. Со куќниот ред, се воспоставуваат протоколни постапки од моментот на влегувањето во училиштето, до моментот на неговото напуштање.
План за обработка на одредбите (членовите од конвенцијата на правата на детето) Записник од состанок на Совет на родители Педагошка евиденција и документација План и програма за јавна и културна дејност	Училиштето е отворено за соработка и со другите основни и средни училишта во локалната средина и пошироко заради остварување на заеднички потреби и цели. Во училиштето се развива процес на недискриминација и почитување на детската личност во наставните и воннаставните активности. Правата на децата се почитуваат низ целокупниот воспитно-образовен процес од сите вработени лица во училиштето. Континуиран е процесот за информирање на родителите за имплементација на правата на децата. Низ реализација на целите на наставните програми учениците се запознаваат и учат за сопствената култура и традиција, а исто така и за другите етнички заедници во РС Македонија.
План и програма за соработка со родители Плани и програма за работа на Совет на родители Записници План и програма за општествено корисна и хуманитаран работа на учениците	Училиштето настојува одредени цели од воспитно-образовната програма да ги реализира во соработка со невладини организации и бизниссекторот. Преку вклучувањето на учениците во општествена и друга корисна работа кај нив се развива љубов и позитивен однос кон работата и се развива правилно сфаќање на физичкиот и интелектуалниот труд. Преку индивидуални и групни средби, средби по укажана потреба за постигнување на одредени цели од информативна, педагошко-инструктивна или советодавна природа, плански се остварува соработка меѓу училиштето и родителите при што се настојува родителите континуирано да бидат информирани за когнитивните, емоционалните, социјалните и психомоторните компоненти од развојот на личноста на детето.

Собирање на податоци		
Разговор Набљудување Согледување на посетени часови	Наставници Директор Педагог Психолог	Наставниците, од 48 испитаници, во 54,2% покажуваат дека се мотивирани да развиваат и негуваат добри меѓучовечки односи. 58,3% од наставниците промовираат и афирмираат заедништво, слога , соработка , почит, полова еднаквост на своето работно место, меѓу своите колеги и соработници и учениците и нивните родители/старатели.Во 43,8’ училиштео ги ,мотивира наставниците за воспоставување на пријатна атмосфера за работа.
Анкета Разговор	Ученици Наставници Педагог Психолог	Анкетирани се вкупно 82ца ученици од обата пола. 62,2 % од анкетираните ученици се изјасниле дека на часовите се развиваат и негуваат добри меѓучовечки односи или 51 ученик.Дури 61 ученик истакнале дека наставниците промовираат и афирмираат заедништво, слога, соработка, почит, полова еднаквост во училитето, на ласовите и наставата од далечина. Според учениците, 64,6% од нив се изјасниле дека наставниците ги мотивираат учениците за воспоставување на пријатна атмосфера за работа на часовите и во училиштето, како и на наставата од далечина.
Анкета Разговор Дискусија	Родители Наставници Директор Педагог Психолог	Од анкетираните 114 родители поголемиот дел сметаат дека дека етосот во училиштето е развиен. 48,2% од родителите самите развиваат и негуваат добри меѓучовечки односси, посебно со примената на учењето од далечина. Во однос на работењето на нсатвниците дури 68,4% од родителите сметаат дека наставниците промовираат и афирмираат заедништво, слога, соработка, почит, полова еднаквост.

Резултати:
Клучни јаки страни ➢ Училиштето ги мотивира наставниците за воспоставување на пријатна атмосфера за работа; ➢ Училиштето промовира и афирмира заедништво, слога, соработка, почит, полова еднаквост; ➢ Училиштето ги мотивира наставниците да развиваат и негуваат добри меѓучовечки односи, почит кон родителите и учениците.
Слаби страни: ➢ Во процесот на реализација на наставата од далечина недостигаат личните средби на реалции: наставник-родител-ученик

Анализа на резултатите:

Во училиштето учениците се мотивирани од наставниците, се воспоставува на пријатна атмосфера за работа;
Се промовира и афирмира заедништво, слога, соработка, почит, полова еднаквост;
Училиштето ги мотивира наставниците да развиваат и негуваат добри меѓучовечки односи, почит кон родителите и учениците.
Се настојува добро да се чувствуваат вработените,учениците и нивните родители, без ралкика дали наставата се одвива со физичко присуство или е тоа настава од далечина. За унапредување на воспитните компоненти од развојот на личноста на ученикот се планираат и програмираат одредени активности.Се настојува да се почитува различноста меѓу учениците и кнофликтни ситуации да се решаваат на конструктивен начин.

Се почитуваат правата на децата низ целокупниот воспитно-образовен процес.

Соработката меѓу училиштето и родителите/старателите се остварува на планиран начин.

Учениците се поттикнуваат да се вклучуваат во повеќеактивности во училиштето, локалната заедница и поширокатa средина.

Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- **Создавање модели за поддршка, вклученост на родителите во наставните процеси, развивање партнерски однос со локалната заедница.**

6. Подрачје:Ресурси

Актуелните случувања до светот, во смисла на здравствената криза, детерминираа промена на моделите на следењето на наставата, нејзината реализација и формите, начините, стратегиите и инструментите со кои истат може да се реализира. Ако досега се зборуваше за примена на ИТ технологијата со минимум од 30% застапеност на дигитални содрѓини и ИТ содрѓини, со настапувањето на наставата од далечина целосно се промени пристапот на и начините на работа на наставниците и учениците, а се зголеми и вклученоста на родителите/старателите во наставниот процес како трет исто важен фактор за непречено одвивање на наставниот процес. Оттука се наметна потребата од изградба на модерни и современи образовни системи во кои мора да има одговорна, адаптивна и иновативна внатрешна клима. Училиштето се приклучи на националната платформа за образование,овозможи да се развиваат континуирано ефективни методи на учење и поучување кои се резултат на принципите на достапност, соодветност, активно учество, наглednост, систематичност, трајност на знаењата, практика и квалитет кој веќе постои во училиштето.

Со постоечката просторна уреденост со делумен број на наставни средства и помагала кои се користат за да се обезбеди повисок степен на знаења и постигања за учениците, со набавка на нови ПС-уреди, осовременување на постоечките капацитети, се настојува да се одговори на поставените задачи.
Проблем кој се провлекува е непостоењето на адекватна спортска сала во училиштето заради што реализацијата на часовите по физичко и здравствено образование, изборен спорт и слободните ученички спортски активности е отежнато во сала која не ги задоволува потребите.
Следен проблем е што училиштето нема енергетска фасада, а постојниот покрив е застарен и прокиснува.

Оддели во рамките на подрачјето:

- Современи наглedни средства;
- Обезбедување на соодветен наставен софтвер;
- Подобрување на просторните услови за реализација на наставата

Собирање на податоци	
Годишана програма за работа на училиштето План за развој Записници Распоред на часови Извештаи Скица за распоред на простории по одделенија	Училишните простории во училиштето во најголем дел ги задоволуваат потребите за непреченоизведување на наставата и воннаставните активности за учениците од I – V одд. и предметна настава, физички и во услови на далечинска настава. За вработените во училиштето има соодветен(адаптиран) училишен простор како канцеларии и други потребни(помошни) простории. За успешно изведување на наставата од природната група предмети (биологија,хемија,физика) има кабинет со современи нагледни средства, техничко образование, информатика има прилагодена училница-кабинет со персонални сметачи, смарт -табла и прожектор, а за наставата по ФЗО се користи фискултурната сала (која не ги задоволува потребите на предметот и потребна е најбрза изградба на нова) и спортски терени во училишниот двор. Останатите предмети немаат кабинети. За ефективно користење на современи аудио – визуелни наставни средства се користи посебна училница медиотека опремена со смарт-табла. Уште една училница иам смарт-табла и прожектор со намена да ја користат наставниците по потреба, но и работилници или семинари во училиштето. Во училиштето се реализира проширена програма - продолжен престој.Опремена е една училница за изведување на наставни и воннаставни активности.

Документација за набавување на наставни помагала и стручни материјали Библиотека евиденција Самоевалвација на училиштето План за развој Годична програма за работа на училиштето Извештаи Библиотекар,книги за евиденција Финансиски план Записници од стручни активи	Училиштето располага со извесен фонд на стручна литература, компјутер со интернет во секоја училница за реализација на наставата од далечина, со камера и микрофон за наставникот.Опремени се четири учолници со смарт-табли. Од претходните проекти, училиштето е опремено со компјутери за учениците од I – V одд., наставниците пак ги користат стручните материјали добиени од обуките за примена на современи образовни технологии. Училишната библиотека располага со фонд од над 12 000 книги, од кои дел припаѓаат на лектири изданија, стручна литература и друга современа класична литература. За користењето на книгите се води соодветна евиденција.Учениците од двете смени ја користат библиотеката за соодветна намена. За потребите на наставните и воннаставните активности континуирано се обезбедува потрошен материјал.

Досиеја на наставници Правилник за систематизација на работни задачи Годишна програма за работа на училиштето Годишна програма на стручната служба Педагошки картон Евиденциони листи	Следејќи ги барањата на нормативите во училиштето е обезбеден соодветен наставен кадар.Професионалниот развој на наставниот кадар,стручните соработници и директорот се одвива континуирано низ повеќе форми со цел да се подобрува квалитетниот аспект на наставата и учењето. Политиката на училиштето е вработување на високо образовани кадри (машки и женски, од различен пол) со повисоки квалификации и стручност во одезбедување на помош на колегите. За приправниците од програмата за менторство се изведуваат хоспитации и следење наработата. Директорот, стручната служба и стручните активи со нивните програми предвидуваат поддршка за професионален развој на наставниците со учество на семинари, работилници, предавања и нивна десеминација во училиштето.

Ученичко досие Дневник за бележење на активности	Во училиштето се води уредна документација за секој ученик од двата пола и различна етничка припадност. За непречено изведување на воспитно – образовниот процес во училиштето работи и административно – технички персонал. Заради ефективност на остварување на целите се подржува тимската работа и сработка на наставниот кадар. Стручната служба (педагог и психолог) работи според планирани активности за континуирано остварување и унапредување на воспитно – образовниот процес во соработка со сите активни чинители на тој процес.
План за професионален развој План и програма за менторство Анкети за професионален развој Листи од спроведени обуки План и програма за стручно усовршување на наставниот кадар План и програма за следење и унапредување на воспитно – образовната дејност на училиштето	Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на наставниот кадар,стручните соработници и директорот. Развива стратегии за објективна идентификација на потребите,развивање на програма за усовршување и континуирана дисеминација на знаењата накадарот. Директорот, стручната служба и стручните активи со нивните програми предвидуваат поддршка за професионален развој на наставниците со учество на семинари, работилници, предавања и нивна десеминација во училиштето

Финансов план Развоен план Програма за работа на училиштето Записници и одлуки од УО Склучени договори Понуди Тендери за јавни набавки	Финансиското работење на училиштето е обезбедено преку работата на УО и директорот и со надзор на наставничкиот совет и инспекциските служби. Работата им е транспарентна и ги вклучува освен вработените и родителите преку советот, локалната заедница, преку нејзините два претставника и МОН. Финансирањето на училиштето е во најголем дел од МОН. Буџетот се презентира на УО како шест месечен и годишен извештај и завршна сметка и се усвојува од сите членови. За набавки од мала вредност комисијата распишува огласи и избира од најмалку три најповолни. Финансиските активности во училиштето се усогласуваат со законските барања. Се настојува да се развиваат механизми за наменско трошење на буџетските средства. Транспарентноста се почитува преку тековните информации и консултации на раководниот кадар со вработените,Улишниот одбор и Советот наросители. При планирањето на буџетските приоритети се настојува да се остваруваат цели за подобрување на квалитетот на целокупниот воспитно – образовен процес.


Собирање на податоци		
.Анализа на добиени сознанија Анкети	. Директор Педагог Психолог Наставници Родители Ученици	Од анкетата спроведена врз 48 наставници, од двата пола, само 18 наставници или 37,5 % одговориле дека наставниците многу добро се опремени со различните наставни предмети со современи наставни средства. Само 12,5 % се задоволни од постојните нагледни средства, а 4,2% воопшто немаат современи нагледни средства со кои би ја реализирале наставата. Во просесорт на реализација на наставата од далечина само 33,3% имаат соссдветен софтвер за работа, 2,1% немаат никаков, а идентичен број на испитаници околу 12 одговориле дека имаат среден- софтвер за работа.. 37,5% од наставниците постојано се усовршува и ги следи понудените обуки. Како проблем скоро сите го навеле непостоењето на адекватна спортска сала, односно дури 41,7% дека не ги исполнува просторните услови да биде спортска сала, постојната просторија.најголем процент од наставнисите 70,8% одговориле дека училиштето треба да има енергетска фасада и непрокиснувачки покрив како приориитет.
Анкети Интервијуа Разговори	Наставници Стручни соработници Ученици	Учениците, вкупно 82 од обата пола и од различна возрасна група, сметаат дека имаарт современи нагледни средства, односно 46,3% се задоволни од постоечките.47,6% сметаат дека наставниците имаат наставен софтвер по различните наставни предмети. Како и кај наставниците и кај учениците, најголем проблем е просторот на фислучтурната сала каде 24,4% сметаат дека нема никаква фискултурна сала. Овде процентите во најголем дел отпаѓаат на непостоењето, односно незадоволството од постоечката фислултурна сала. Еден број на испитаници 28, сепак сметаат дека предметот физичко и здравствено образование користи задоволувачка фискултурна сала.

. Анкети Интервјуа Разговори Мислење	Наставници Родители Стручни соработници	114 испитаници од родителите, од двата пола, со различно образование, сметаат дека училиштето располага со современи нагледни средства за сите наставни предмети , околу 29 испитаника сметаат дека училиштето добро стои со нагледните средстав, 16,7% одлично по однос на нагледните средства, но има и процент 14% кои сметаат дека училиштето не располога со современи нагледни средства. На прашањето за подготвеност на училиштето за реализација на наставата од далечина дури 34,2% се изјасниле дека училиштето одлично ја реализира истата, на ваков став се повече од половината од испитаниците , односно дека училиштето добро ја реализира наставата од далечина. Висок процен од родителите/старателите 49,1% одговориле дека училиштето не располага со спортска сала адекватна за предметот Физичко и здравствено образование, и исто висок процент 43% одговориле дека училиштето има потреба од инфраструктурни решенија, како покрив, енергетска фасада. Овој став се потврдува и касј наставниците, со што истиот се поставува како врвен приоритет во планирањето.

1. Резултатите од спроведената анкета за наставници сеседни:


Различните наставни предмети имаат современи нагледни средства.

48 responses




Наставниците имаат соодветен наставен софтвер.

48 responses




Наставниот кадар постојано се усовршува и следи обуки.

48 responses




Предметот Физичко и здравствено образование има современа сала.

48 responses




Училиштето има потреба од добар, непрокиснувачки покрив.

48 responses




2. Резултатите од спроведената анкета за ученици сеслени:


Учениците имаат различни, современи наставни средства по различните предмети.
82 responses



Предметот Физичко и здравствено образование користи задоволувачка спортска сала.
82 responses




Учениците имаат соодветен наставен софтвер по различните наставни предмети.
82 responses



3. Резултатите од спроведената анкета за родители сеследни:


Училиштето има современи нагледни средства за различните наставни предмети.

114 responses




Училиштето подготвено ја реализира наставата од далечина.

114 responses




Предметот Физичко и здравствено образование нема потреба од современа сала, постоечката е добра.

114 responses



Училиштето нема потреба од инфраструктурни решенија, како покрив, енергетска фасада.

114 responses



Резултати:
Клучни јаки страни: ➢ За потребите за реализација на наставата од далечина училиштето има обезбедено персонални компјутери, со камери и микрофони и ја реализира наставата врз Националната платформа, има интернет и можност секој наставник да ја реализира наствата од училница; ➢ Наставниците се обучени за работа со ИТ, и активно ја користат Националната платформа;
Слаби страни: ➢ Современата настава бара современи нагледни средства според образовните стандарди; ➢ Постоечката спортска сала не ги задоволува стандардите за реализација на предметот Физичко и здравствено образование; ➢ Училиштето нема енергетска фасада и има застарен кров.

Анализа на резултатите:

Училиштето брои 22 училници, истите одговараат на нормативите за училишниот простор. За дел од наставните предмети постои кабинетска настава.

Библиотеката е на адекватно, просторно место, располага со над 12000 книги, кои се водат електронски.
Училиштето располага и со 5 канцеларии.

Исто така, постои и дневен престој т.е. специјализирана училница, адаптирана според стандардите за дневен престој со забавни и едукативни содржини во согласност со програмата.

Наставата ја изведуваат вкупно 60 наставници од кои 56 наставници се со високо образование и 3 наставници се со виша школа или со 6-1 степен на стручно образование. Наставниците се преку 60% од женски пол.
Во училиштето постои сала за физичко образование, која не ги задоволува потребите на учениците и наставата по физичко и здравствено образование се реализира во адаптирани услови – несоодветни услови.
Училиштето има застарен покрив кој прокиснува и немаме енергетска фасада. Тоа е старо и дотраено и бара поопфатни градежни санации – на дел од кровот и изградба на нова спортска сала.

Нашето училиште е со максимална искористеност на човечките и просторните ресурси.
Успехот на учениците е многу добар и имаат примерно поведение од двата пола и различен етникум.

Успешно работат Училишниот одбор на училиштето како управиувачко тело,Ученичкиот парламент составен од учениците и претставници во Училишниот одбор и Советот на родители.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- **Обезбедување на современи нагледни средства според наставните предмети;**
- **Обезбедување на соодветни обуки за наставници, следење на ИТ промените и современите наставни софтвери;**
- **Изградба на нова спортска сала;**
- **Реконсктрукција на покривот на зградата;**
- **Изработка на енергетска фасада.**

7. Подрачје: „Управување, раководење и креирање политика “

Оддели во рамките на подрачјето: ➢ Промовирање на тимска работа; ➢ Креирање на училишната политика за континуиран професионален развој на наставниците	
Собирање на податоци :	
Статут на училиштето Деловник за работата на УО Записници Одлуки Извештаи Прирачник за УО за основни и средни училишта	Орган на управување е Училишниот Одбор чии состав е усогласен со барањата на Законот за основно образование и брои 7 членови со право на глас и двајца претставници од Ученичкиот парламент без право на глас. Сите надлежности и административни задачи на Училишниот одбор се во согласност со законските правила и прописи. Редовно се одржуваат состаноци на овие структури и тоа во согласност со потребите кои се тесно поврзани со активностите во училиштето. За присуството се грижат Претседателот на УО иДиректорот. Сите донесени одлуки, решенија и акти се со јасен консензус и за нив гаранција е потребниот кворум за работа. Сите субјекти во училиштето целосно и редовно се известени за работата на овие структури, а донесените решенија , одлуки и акти доследно се спроведуваат.

Програма за работа на директорот Програма за професионален развој на директорот Инструменти за следење на наставно образовниот процес Самоевалуација План за развој на училиштето Записници од стручни активи Записници од ученичка заедница Записници од состаноци на совет на родители	Со училиштето раководи директорот чија приоритетна задача е да се постигнат високи резултати во учењето од страна на учениците. Оваа сложена задача директорот ја реализира со помош и соработка со другите фактори во училиштето и надвор од него при што се потенцираат барањата за висок професионализам во реализирањето на поставените цели. Директорот промовира тимска работа, ги поддржува успешните наставници и ги промовира индивидуалните и заедничките резултати и постигнувања низ најразлични форми и медиуми. Неговите залагања за континуирано подобрување на квалитетот на сите сегменти во училиштето ги мотивираат вработените на систематски залагања за постигнување на високи резултати во целокупниот воспитно-образовен процес. Преку вклучување во процесот на самоевалуација на наставниците, стручните соработници, родителите и учениците. Директорот на училиштето изготвува развоен план за училиштето. Исто така Директорот заедно со стручните соработници и наставниците, изработуваат Годишна програма за работа на училиштето. Придонес во раководењето има и Советот на родители на чии состаноци се разгледуваат и разменуваат информации и иницијативи за успешно реализирање на основната дејност на училиштето. Ученичкиот парламент е составен од претставници на учениците(претседателите) од сите паралелки, редовно одржува состаноци на кои се изнесуваат мислења, идеи и иницијативи за подобрување на квалитетот во образовно воспитниот процес, а воедно преку членовите на УЗ редовно се известуваат на директен начин и останатите ученици за преземените активности.
Годишна програма за работата на училиштето Самоевалуација Развоен план Акциони планови Анкети	Во училиштето е воспоставена организациска клима на сите нивоа при планирани активности со Годишната програма за работа на училиштето, така што и соработката соодвестува на потребата за успешно реализирање на тие планирања (состаноци, стручни консултации, информативни консултации, педагошки инструктивни средби и сл.) Честопати соработката за размена на идеи и разрешавање на проблеми се остварува низ постојани неформални консултации со наставниците со што се создава релаксирана организирана клима за работа, а со тоа пречките во комуникацијата се намалуваат и

	проблемите полесно се воочуваат ирешаваат. Приоритетните цели на училиштето се во согласност со целите на основното образование, соодветни законски и нормативни акти и концептот за деветолетка.
Интервјуа Записници	Заради успешност во креирањето на педагошкото водство оттаму и успешно работење на училиштето главните насоки во комуникацијата со вработените се определени од целите кои треба да се реализираат. Се иницира партиципирање и поддршка од вработените и поширокаата заедница при што се бараат креативни и иновативни решенија за надминување на проблемите и усовршување на работата на училиштето. При определувањето на стратегиите за остварување на целите се земаат во предвид и мислењата на родителите и учениците преку соодветни комуникации со соодветни органи и тела.
Самоевалуација Развоен план Акциони планови План за следење и евалуација на реализација на Акциони планови Записници од училишен одбор и наставнички совети	Преку унапредувањето на воспитната компонента ќе се унапредуваат активностите за креативен мисловен процес на ученикот како творец на сопствената иднина и како иднина на општеството во кое што живее. Целите на ангажирањето во училиштето се усмерени кон изградување на ефективно училиште за предизвици и промени во кое време ќе се достигнуваат високи образовни стандарди, ќе се употребува современа информациска и комуникациска технологија, ќе се унапредува истражувањето и ќе се засилуваат креативната и иновацискаата активност.

План за професионален развој Записници Стручни материјали Финансиски план	Различните тела во училиштето промовираат тимска работа, наставниците се вклучени во различни тела и комисии, родителите се вклучени во различни тела и се промовира работата на Ученичкиот парламент; Постои интерес и мотивираност од наставниците да бидат вклучени во различни обуки и професионално да се усовршуваат; Стручно усовршување се врши на интерен и екстере начин: Интерен начин: - идивидуално следење на стручниматеријали - разменување на искуства соколеги - внесување на нови форми и методи наработа - Учество со свои дискусии заради развивање на позитивни ставови за зголемување на ефикасноста и ефективноста на наставата и учењето исл. Екстерен начин: - размена и користење на искуства со колеги од другиучилишта - посета на семинари, обуки, советувања, наменски посети исл. Се промовираат воннаставните ученички активности, се следат натпревари и се промовираат постигањата на учениците.
Пописни листи Апликации за обезбедување на финансиски средства	Потребите од материјално-технички средства за наставата се идентификуваат и тековно се набавуваат потребни наставни средства и помагала, а се настојува оштетувањата кои се настанати навремено да се отстрануваат.
Писма за поддршка Апликации за проектни донации	Континуирани се залагањата за соработка на училиштето со поширокатa општетсвена заедница заради осовременување инфраструктуните работи.

Собирање на податоци :		
-Набљудувања; -Разговор; - Интервју со директорот на училиштето	-Педагогот на училиштето ; -Наставници од одделенска настава; -Наставници од предметна настава .	Анкетата ги даде следниве резултати: 45,8% од наставниците сметаат дека училиштето промовира тимска работа. 47,9% од наставнивите сметаат дека училиштето внимава на потребите на наставниците за континуиран професионален развој, а дури половината сметаат дека училиштето одлично ги избира обуките и одлично им овозмоѓуб=ва на наставниците да ги скедат истите во насока на својот професионален развој односно професионално усовршување. Од сознанија добиени од набљудувања и разговори со наставници добиени се сознанија дека обуките им помагаат да ги унапредат своите професионални карактеристики; на наставниците им се допаѓа можноста да ги изнесуваат своите предлози, мислења и залагањата тие да бидат реализирани. Задоволуваат одговорите и на учениците кои во 37,8% се вклучени во управувачките процеси во училиштето, над 50% добиваат одличен простор за искажување на своите потреби и интереси, скоро еднаков број по 12 испитаника од вкупно 82, одговориле со многу добро, добро и доволно простор за искажување на своите потреби и интереси, а само 2 иапитаника воопшто немале простор. Учениците во 56,1% се изјасниле дека добиваат можност за вклучување во различните воннаставни активности и проекти.
-Набљудувања; -Разговор.	-Педагогот на училиштето; -Одделенски раководители ; -Наставници од одделенска настава ; -Ученици .	Од 114 испитаници од родителите/старателите од двата пола, со различен степен на образование идентично договориле со задоволувачки процент од околу 30% дека се вклучени во различните тела на управување, совет на паралелката, совет на училиштето и управен одбор. 29,4% одлично се вклучени во различните органи и тела, а само 6,1% воопшто не се вклучени.Добар е резултатот и од анкетното прашање дали училиштето внимава на потребите на родителите/старателите и нивните барања. Дури 33,3% добро го оцениле ова прашање, дури 25,4% одговориле со длично, а 12,3% воопшто не биле задоволни од вклученоста, од тоа дали училишштето внимава на нивните потреби и на нивните барања. Охрабрува дека висок процент 33,3% одговориле дека училиштето нуди работилници, советувања и

		средби со родители/старатели.Над 20% со одличен одговориле на ова прашање, но исто така 18,4% од испитаниците или 21 испитаник воопшто не биле задоволни од понудата на работилници, советувања и средби од што треба да произлезат понатамошните развојни цели за работа на училиштето и поставувања на приоритети кон кои мора сериозно да се пристапи ако сакаме да се подобри целокупниот процес на реализација на образовно-воспитната дејност на нашето училиште како динамична, модерна и привлечна средина.

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Различните тела во училиштето промовираат тимска работа, наставниците се вклучени во различни тела и комисии, родителите се вклучени во различни тела и се промовира работата на Ученичкиот парламент;
- Постои интерес и мотивираност од наставниците да бидат вклучени во различни обуки и професионално да се усовршуваат;
- Наставниоците сакаат професионално да се усовршуваат
- Се промовираат воннаставните ученички активности, се следат натпревари и се промовираат постигањата на учениците.

Слаби страни:

- Нужно е поголемо вклучување на родителите и локалната заеница, да се развие партнерски однос на помош и промоција на училиштето и неговата работа;
- Нужно е да се обезбедат соодветни обуки, како за наставници, така и за родители според различната вклученост во училишните тела, комисии и образовниот процес во целост.

Анализа на резултатите:
Различните тела во училиштето промовираат тимска работа, наставниците се вклучени во различни тела и комисии, родителите се вклучени во различни тела и се промовира работата на Ученичкиот парламент; Управувањето со училиштето се врши со почитување на ингиренциите и со активности во повеќе сегменти. Раководењето на училиштето се потпира на тимски залагања, отвореност и комуникација, поддршка, професионализам во работењето, афирмирање и промовирање на постигањата.

Управувањето и раководењето взаемно се поддржуваат и унапредуваат со заедничка цел да се подобри квалитетот на работењето за да се постигнуваат високи резултати во реализација на наставата и учењето.

Постои интерес и мотивираност од наставниците да бидат вклучени во различни обуки и професионално да се усовршуваат; Професионалниот развој на наставниците е многу важен за унапредување на работата во воспитно-образовниот процес. Наставниците ги прифаќаат и активно се вклучуваат во процес на професионално усовршување. ПОстојат повече можности з изнесување на наставни потреби за порофесионален развој.

Се промовираат воннаставните ученички активности, се следат натпревари и се промовираат постигањата на учениците.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- **Градење на партнерски однос со родителите;**
- **Создавање на модели и форми за промоција на постигнувањето на учениците пред поширокатa заедница;**
- **Зголемување на интеракцијата со локалната заедница.**